**Биографски податоци** на проф. д-р Татјана Атанасова – Пачемска, редовен професор по математика и методика на факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

Д-р Татјана Атанасова – Пачемска е родена на 19.08. 1973 год. во Штип, Р. Македонија. Основното и средното училиште го завршила во Штип со континуиран одличен успех. Во 1991 год. се запишала на студиите по математика на Природно – математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Истите ги завршила во 1995 год. со просечен успех 9,3 и се здобила со звањето **дипломиран професор по математика**. Во 1995 год. се вработува во Текстилниот училишен центар „Димитар Мирасчиев“ во Штип како професор по математика. Во октомври 1996 год. се запишала на последипломските студии по математика на ПМФ – Скопје. Истите ги завршила во 2002 год. со одбрана на магистерскиот труд под наслов „*Класи на функции кои се помеѓу непрекинати и рамномерно непрекинати*“ и се стекнала со звањето **магистер на математички науки**. Од 1996 год. е избрана за помлад асистент на предметите Математика и Методика на воспитно-образовната работа по математика на Педагошкиот факултет во Штип при УКИМ. Во јуни 2003 год. на Институтот за математика при ПМФ-Скопје пријавила докторска дисертација на тема *„Поимите сврзаност, компонента и крај за рамномерно непрекинати пресликувања*“ и истата ја одбранила во јули 2006 год. со што се стекнала со звањето **доктор на математички науки**.

Д-р. Татјана Атанасова – Пачемска е избрана во наставно-научното звање доцент на областа математика при Факултетот за информатика од Матичната комисија за формирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во јуни 2007 година. Во мај 2007 година, избрана е за доцент и на Педагошкиот факултет во Штип на предметите Математика1, Математика 2 и Методика на воспитно-образовната работа по математика. Во декември 2011 год. д-р. Татјана Атанасова – Пачемска е избрана во звањето вонреден професор, а во март 2016 во звањето **редовен професор** на областите **математика** и **методика** на катедрата за математика и статистика при **факултетот за информатика**, УГД. Проф. д-р Татјана е предлагач на студиската програма **математика – наставна** на прв циклус на студии на УГД во 2008 год. која функционира на факултетот за информатика, како и иницијатор и предлагач на првите студиски програми **математичко-информатичко образование, финансиска и актуарска математика и математика** на втор циклус на студии на УГД кои функционираат и денес.

Д-р Татјана Атанасова – Пачемска активно го користи англискиот јазик, а најголемиот дел од нејзината научна и стручна активност е реализирана на англиски јазик. Има познавања од францускиот и рускиот јазик, како и од јазиците кои се зборуваат во повеќето од Балканските земји. Исто така поседува и врвни ИТ вештини и постојано ги надградува за потребите на работното место - професор на факултетот за информатика но и за сериозната научна дејност која бара извонредни знаења од ИТ и нивна примена.

Проф. Татјана Атанасова-Пачемска е мажена и мајка на едно дете.

Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска е потписник на иницијативата за основање на Универзитетот„ Гоце Делчев“, како и еден од наставниците кои придонесоа во основањето на факултетот за информатика. Во текот на 19-годишниот период на постоење на УГД, извршувала повеќе *раководни функции* и тоа:

2011-2019, Декан на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

2008-2011, Продекан за настава на Факултетот за информатика

2011-2019 Раководител на катедрата за математика и статистика

2007-2008 Член на првиот Сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“

Проф. Атанасова-Пачемска покажува и голема стручна и општествена активност, преку <u>членство</u> во различни органи и тела на владини институции, стручни и професионални организации и тоа:

Од 2006 - , соработник и уредник на списанието за популаризација на математиката „Нумерус“, во издание на Сојузот на математичарите на Македонија.

Од 2009 - , активен член на Европското здружение на жени – математичари

Од 2007 - ,член на Европското здружение на математичари и на Американското здружение на математичари

Од 2006 - 2010 , член на Управниот одбор на Граѓанската асоцијација на учители на Р. Македонија

Од 2007 - 2015, член на Државната комисија за избор на задачи за натпреварите по математика за основно образование на Р. Македонија

Од 2011-2013 и 2015-2017 – Член на Националната Комисија за учебници на Р. Македонија, за природно-математичкото и техничкото образовно подрачје, на предлог на Владата на Р. Македонија;

2011-2013 – Заменик претседател и Претседател на Комисијата за признавање и еквиваленција на високообразовни квалификации стекнати во странство од природно-математичкото подрачје при Министерството за образование и наука;

2013- 2016- Потпредседател на Сојузот на математичарите на Македонија.

2019 - 2021 – Член на Управниот одбор на Европската Асоцијација на Еразмус Координатори – EAEC

2021 – Член во комисијата за изготвување на новите наставни програми по математика за периодот прво-петто одделение.

2022 - Член во комисијата за изготвување на новите наставни програми по математика за периодот шесто-деветто одделение.

2021-2023 – Претседател на предметната работна група за државното тестирање по математика;

2021 – 2025 Член на Комисијата за природно-математички науки во рамките на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност на Република Македонија.

2022 – 2026 Член на Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации, номинирана од Интеруниверзитетската конференција.

2023- Надворешен експерт на Агенции за квалитет во Високото образование на неколку европски земји

2024 – Надворешен експерт на Европската Тренинг Фондација (ETF) за евалуација на системите за пост-средно образование – ниво 5 од ЕРК

Проф. Татјана Атанасова-Пачемска реализирала и неколку подолги студиски престои на Универзитети и тоа:

Октомври 2021 – University of Evora, School of Science and Technology, Department of Mathematics , Portugal, COST, CA 16227

Мај 2021 – International University of Novi Pazar, Serbia, ERASMUS+ mobility

Септември 2018 – Природно-математички факултет, Ниш, Р. Србија, *Mathematical Analysis and Modelling – Dynamical Systems and Applications,* CA16227, COST

Мај-Јуни 2016 - *University of Zagreb, Faculty of Food Technology and Biotechnology, Department of Mathematics and Statistics, - Distributions and their applications*

Јануари-март 2012 год.- Прехрамбено биотехнолошки факултет, Универзитет во Загреб, стипендиран од Министерството за наука, образование и спорт на Р. Хрватска за научно истражување од областа биостатистика .

Февруари – март 2010 год., стипендија од LIF – CNRS, Marseille, France за престој и учество на интернационалната конференција *Mathematics and Computer Sciences – Towards new Interactions between mathematics and Computer Science*, за сегментот *Topological Methods for the Study of Discrete Structures.*

Во периодот јуни – септември 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 год. д-р Татјана Атанасова – Пачемска е член на научниот одбор и предавач на меѓународната летна школа за статистика “Statistical Methods for the Service Quality Measurement” која се одржува во различни европски земји, (Турција, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Хрватска ...)

<u>Проф. Татјана Атанасова – Пачемска е добитник и на награди и признанија</u>:

- Наградата „6 Ноември“ за особен придонес во развојот на образованието на општина Радовиш ,
- Наградата за избор во *дваесетте највлијателни „млади“ жени (до 45 год) во Европа* од областа на применетата математика , 2015 година
- Наградата за иновации во наставата за 2021 год. на Европската комисија за образование, како дел од тимот на проектот Математички Лавиринт.

Проф. д-р Татјана Атанасова – Пачемска има учествувано во реализација на многу проекти кои ги опфаќаат реформските образовни процеси, а последните неколку години особено е активна во реализацијата на проекти од Еразмус плус програмата, во делот на училишно образование и обука како проектен координатор (15 проекти) но и како *национално контакт лице на EAEC* - Европската Асоцијација на Еразмус Координатори како мрежа на преку 300 организации (училишта, универзитети, невладини организации, компании...) која осмислува, организира и реализира проекти и обуки во рамките на многубројните европски и транс-европски проекти. Таа е постојан член на управувачките тимови на различни COST мрежи, учесник во К3 проекти за креирање и имплементација на Европски високо-образовни политики преку МОН, учесник во проекти на HORIZON програмата за наука, билатерални проекти со Хрватска и Црна Гора...

Проф. Пачемска во 2021год. беше координатор на авторскиот тим кој го изработи **првиот национален дигитален учебник по математика за четврто одд, а** во 2022-2023 год нејзините учебници за 3, 4 и 5 одд. се избрани за национални учебници по математика. Во 2024 год. учебникот по Математика за IV година – средно стручно образование од техничките струки (задолжителен предмет) е избран за национален учебник.

Д-р Татјана Атанасова – Пачемска била ментор на многу дипломски работи, ментор и рецензент на магистерски трудови од кои повеќе од 20 од областа на математичко-информатичко образование, финансиската математика и информатиката, ментор на 6 докторски дисертации, 4 на УГД и 2 на универзитети надвор од државата, едната е одбранета на Универзитетот во Нови Пазар, Република Србија а втората е во фаза на изработка на Природно-математичкиот факултет во Сараево, Босна и Херцеговина и се однесува на курикуларната реформа по математика. Проф. Пачемска е рецензент на научно истражувачки проекти од Министерството за образование и наука, од програмите Horizon 2020, COST и Ерасмус+, рецензент во многу научни списанија и публикации од кои некои имаат и фактор на влијание, надворешен соработник-контролор на прашањата/задачите на првото и второто екстерно тестирање по предметот математика 2013 и 2014 год., како и член на тимот за супер ревизија на учебниците од I-V одд. од наставното подрачје математика во 2010 и 2018 год.

Во последните години, посебен научноистражувачки и општествен интерес на проф. Пачемска претставувааат алатките за контрола на квалитет во образованието, посебно високото образование и доживотното учење. Таа развива иновативен модел преку методот на математичка оптимизација користејќи комбинација на повеќе техники на вкрстување и мерење на нивното влијание, а моделот овозможува да се контролира образовниот процес во реално време, избегнувајќи го субјективниот фактор. Овие модели на контролата на квалитет на наставниот процес во ВО, развиени од тимот со кој раководи, се применуваат на повеќе универзитети надвор од Македонија. Признаена е како Експерт на ЕК за образование и учествува во проекти кои се однесуваат на креирањето и имплементирањето на образовните политики за Високо образование, со посебен акцент во делот на автоматското признавање на високо-образовните квалификации и процесите за контрола и управување со квалитет во Високот образование. Реализира мноштво на работилници на национално и меѓународно ниво за имплементација на политиките на ЕУ во националните високо образовни системи. Како член на Експертската група, учествува во изработката и усвојувањето на Првиот стандард за квалификација на професијата „наставник во

високото образование“, со што се отвара патеката за измени во критериумите за вреднување на работата универзитетски наставник, стандардизирање и враќање на дигнитетот на наставничката професија. На УГД во 2023 ја **акредитира првата микрокреденцијал – обука во Р.Македонија во рамките на доживотното учење за професионален развоја на наставниците: Excellence in Math Education.**

Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска има извонредно богата меѓународна соработка со универзитети и истражувачки институции од Европа, САД, Латинска Америка, а преку таа соработка му овозможила на Универзитетот и склучување на билатерални договори, можности за размена на научно-наставен кадар, студенти како и заедничка работа на научни и апликативни проекти. Таа е иницијатор на уписот на некои од квалификациите и документите издадени од УГД во коморите и професионалните здруженија во САД и земјите од ЕУ ( Германија, Франција,...) со што е олеснета постапката на автоматско признавање и е овозможена мобилност на дипломираните студенти од УГД.

Д-р Татјана Атанасова – Пачемска има богата научна и стручна активност. Автор е на повеќе од 170 научни и стручни трудови, универзитетски учебници и учебни помагала, учествува во проекти од областа на математиката, применетата математика и математичко-информатичкото образование. Пристап до научната и стручната активност може да се направи преку следниот линк:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Atanasova-Pacemska=3ATatjana=3A=3A.html